# О Д Л У К А

## за зголемување на основна главнина со издавање на обични акции со право на глас од 21та емисија по пат на приватна понуда на институционален инвеститор

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, а врз основа на член 7 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 288/21), Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на седницата одржана на ден 03.08.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За зголемување на основна главнина со издавање на обични акции со право на глас од 21та емисија по пат на приватна понуда на институционален инвеститор**

1. Шпаркасе Банка АД Скопје (во натамошниот текст „Банката„) со адреса на ул.Орце Николов бр.54, 1000 Скопје ќе изврши зголемување на основната главнина со издавање на 417.972 нови обични акции со право на глас, во вкупен номинален износ од 1.115.985.240,00 денари, наменети за институционален инвеститор.

2. Издавањето на акциите ќе се врши по пат на приватна понуда.

3. Намената на емисијата е зголемување на основната главнина на Банката со нови уплати од страна на постојниот акционер „Штајермеркише банк унд Шпаркасен АД” (“Steiermarkische Bank und Sparkassen AG”) од Грац, Австрија, заради одржување на соодветно ниво на стапка на редовен основен капитал и стапка на основен капитал, како и заштитните слоеви на капиталот пропишани со Закон за банки и подзаконската регулатива.

4. Износот на ново запишаните акции е дел од редовниот основен капитал на Банката.

5. Номиналната вредност на една акција изнесува 2.670,00 денари, додека вкупната номинална вредност на акциите што се запишуваат изнесува 1.115.985.240,00 денари.

6. Продажната вредност на една акција изнесува 2.938,00 денари, додека вкупната продажна вредност на акциите што се запишуваат изнесува 1.228.001.736,00 денари.

7. Една акција носи еден глас.
   Акциите гласат на име.

8. Сопствениците на обичните акции со право на глас ги имаат следните права:
   - право на глас во собранието;
   - право на исплата на дел од добивката-дивиденда, која исплата ќе се врши согласно применливата законска регулатива;

- право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата односно стечајната маса на Банката.

Правата и обврските од акциите настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност.

9. Сопственикот на акциите од 21-та емисија ги стекнува своите права и обврски од акциите предвидени со законските прописи, Статутот на Банката и актот за нивно издавање со денот на уписот во Акционерската книга на Банката во Централниот депозитар на хартии од вредност АД Скопје.

10. Запишувањето и уплатата на акциите ќе се врши во седиштето на Банката на улица „Орце Николов„ бр. 54 во Скопје, во рок од 15 календарски дена од конечноста на решението за одобрување на емисијата од Комисијата за хартии од вредност.

11. Паричните средства од запишаните акции се уплатуват во денари на сметката на банката одеднаш.

12. Банката не поседува приоритетни акции.

13. Соопштението за издавање акции по пат на приватна понуда, ке се објави на македонски јазик во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, првиот ден по конечноста на решението за одобрение за издавање на акции по пат на приватна понуда од Комисијата за хартии од вредност.

14. Шпаркасе Банка АД Скопје во рок од 5 (пет) работни дена од завршување на приватната понуда за издавање акции, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и ќе објави известување за јавноста за бројот на запишани и уплатени акции односно за процентот на реализација на приватната понуда на акции.

15. Купувач на акциите од 21та емисија е постојниот акционер на Банката, кој воедно е и институционален инвеститор – Банката „ Штајермеркише банк унд Шпаркасен АД" ("Steiermarkische Bank und Sparkassen AG"), со седиште на Шпаркассенплатз 4 (Sparkassenplatz 4), 8010 Грац, Австрија.

16. Емисијата на обичните акции и зголемувањето на основната главнина на Банката се врши на начин утврден со законската и подзаконската регулатива.

17. За се што не е регулирано со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Статутот на Банката и позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја.

18. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се спроведе во рок од 6 (шест) месеци од денот на донесувањето.

19. Се овластува Надзорниот Одбор на Банката, по евентуално барање на Комисјата за хартии од вредност, да може да врши одредени измени и дополнувања на оваа одлука во постапката на добивање одобрение за зголемување на основната главнина на Банката со издавање на нови акции од 21-та емисија по пат на приватна понуда.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач
Јелена Саздовска

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со предложената Одлука за издавање на акции се утврдува 21та емисија на акции на Шпаркасе Банка АД Скопје, во износ од 1.228.001.736,00 денари на име обични акции со право на глас.

Намената на емисијата е зголемување на акционерскиот капитал на Банката со нови уплати од страна на постојниот акционер "Штајермеркише банк унд Шпаркасен АД" ("Steiermarkische Bank und Sparkassen AG") од Грац, Австрија, заради одржување на соодветно ниво на стапка на редовен основен капитал и стапка на основен капитал, како и заштитните слоеви на капиталот пропишани со Закон за банки и подзаконската регулатива. Износот на ново запишаните акции е дел од Редовниот Основен капитал на Банката и за нив важат одредбите од точка 14 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (Службен весник на РМ бр. 218/16).

Со износот на 21та емисија на обични акции со право на глас Банката ќе го зголеми акционерскиот капитал за 1.228.001.736,00 денари со што вкупниот број на акции ќе достигне 2.095.415 обични акции или 5.594.758.050,00 денари акционерски капитал по номинална вредност.

Запишувањето и уплатата на акциите ќе се врши на начин и постапка утврдени со Законот за хартии од вредност.

# ОДЛУКА
## за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје

Врз основа на член 29 став 1 точка 1 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 03.08.2022 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје**

I. Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје бр.43652/1-10 од 25.05.2022 година, се вршат следните измени и дополнувања:

1) Во член 2, став 4 се менува и гласи како што следи:

"Седиштето на Банката се наоѓа во Скопје на адреса ул.Васил Иљоски бр.14 Скопје."

2) Член 7 се менува и гласи како што следи:

**член 7**

Номиналниот износ на почетниот капитал (основна главнина) на Банката изнесува 5.594.758.050,00 денари и истиот е поделен на 2.095.415 обични акции на име со номинална вредност од 2.670,00 денари по една акција.
Банката може да издава обични и приоритетни акции.
Една акција има право на еден глас во Собранието на Банката.

3) Во член 47, став 1, бројот 6 (шест) се менува со бројот 7 (седум).

4) Во член 50, став 7, реченицата "Во случај на поделба на гласовите гласот на Претседателот, а во негово отсуство Заменик претседателот е одлучувачки." се брише.

5) Во член 65 во ставот 3, по зборот "распределени" се додаваат зборовите "со овој Статут".

6) Во член 65, став 4, по зборот „Претседателот„ запирката се брише и се додава зборот „и„. Во истата реченица зборовите "и Членовите" се бришат.

7) Во член 65, став 5, во алинеа 1 се додава нова реченица која што гласи:

"Во однос на координацијата на внатрешна ревизија, Претседателот обезбедува непречено работење на внатрешната ревизија, односно осигурува дека внатрешната ревизија има пристап до документацијата и до вработените на Банката, со цел за непречено спроведување на нејзините активности;"

8) Во член 65, став 5, во алинеа 3, зборовите "Еден член" се заменуваат со зборовите "Третиот член".

9) член 70 се брише.

10) член 71 којшто сега станува член 70 се менува како што следи:

**Член 70**

"Членовите на УО се законски застапници на Банката.

Банката во секое време ја застапуваат било кои двајца членови на Управниот Одбор, заеднички."

11) Членот 72 сега станува член 71, а останатите членови до член 105 се ренумерираат соодветно и последователно.

12) Во членот 93 кој сега станува член 94, во ставот 3, зборовите "по претходно добиена согласност на Народната банка" се бришат. Во истиот став, во продолжение се додава нова реченица која гласи: "Банката е должна да поднесе барање и да добие претходна согласност од Гувернерот за измена и/или дополнување на Статутот на Банката".

13) Во глава XXIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ се додава нов член 105 кој гласи:

**Член 105**

"За се што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од позитивните законски и подзаконски прописи."

14) член 106 се менува и гласи како што следи:

**Член 106**

"Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот од 25.05.2022 година."

1. Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ во постапката за добивање согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката.

2. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката, а Претседателот на Надзорниот одбор да го потпише пречистениот текст на Статутот на Банката.

3. Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**Образложение**

Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.

Измените на Статутот се предложени поради постапка за зголемување на основната главнина преку приватна понуда, зголемување на бројот на членови во Надзорниот одбор на Банката, допрецизирање на надлежностите на Претседателот на Управниот одбор во врска со надлежностите поврзани со внатрешната ревизија, како и дефинирање на нов начин на застапување на Банката.

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измена на Статутот на

Шпаркасе Банка АД Скопје, која што ќе стапи на сила по добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач
Јелена Саздовска

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 69078/1-5 |
| --- | --- | --- |
| | | Датум: 03.08.2022 |
| | | Стр. 1/3 |

# О Д Л У К А

**за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | **Бр. 69078/1-5** |
|---|---|---|
| | | **Датум: 03.08.2022** |
| | | **Стр.** 2/3 |

Врз основа на член 29 став 1 точка 8 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 03.08.2022 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за именување член на Надзорниот одбор на**
**Шпаркасе Банка АД Скопје**

1. Со оваа Одлука Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, го именува д-р Глигор Бишев за член на Надзорниот одбор на Банката.
2. Се предлага мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука да започне на 01.01.2023 година и да трае до 16.11.2024, со цел хармонизација со мандатите на мнозинството од членовите на Надзорниот одбор.
3. На членот на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука му припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на акционери на Банката.
4. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Гувернерот на Народната Банка за промена на бројот членови на Надзорниот одбор на Банката и издавање на согласност за именување на Бишев за член на Надзорен одбор.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Јелена Саздовска

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Одлуката за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Согласно Статутот и Законот за банки, Надзорниот одбор е орган на Банката. Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука која стапува на сила по добивање на согласност од Народната банка.

Законот за банките, Статутот и интерните акти на Шпаркасе Банка ги дефинираат критериумите за соодветност на членовите на Надзорниот одбор. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор на Банката мора да бидат независни членови, исполнувајќи ги законските критериуми за независност.

Врз основа на предложените измени и дополнувања на Статутот на Банката, бројот на членови на Надзорниот одбор се зголемува на 7 (седум) членови и се предлага именување на Д-р Глигор Бишев за член на НО на Банката, со мандат кој би започнал на 01.01.2023 година и би траел до 16.11.2024, со цел хармонизација со мандатите на мнозинството од членовите на Надзорниот одбор.

Кандидатот за член на Надзорниот одбор беше позитивно оценет од страна на Комисијата за наградување и именување и од страна на Надзорниот одбор, како од индивидуален аспект, така и заедно со останатите членови на Одборот. Имајќи го во предвид неговото долгогодишно искуство, професионална експертиза и придонесот за раст и развој на Банката во периодот додека ја извршуваше функцијата Претседател на Управен одбор, Бишев претставува соодветен кандидат за член на Надзорниот одбор.

# О Д Л У К А

**за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на**

**Шпаркасе Банка АД Скопје**

**(Надзорен одбор и Одбор за ревизија)**

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | **Бр. 69078/1-6** |
|---|---|---|
| | | **Датум: 03.08.2022** |
| | | **Стр.:** 2/3 |

Врз основа на член 365 точка 1 од Законот за трговски друштва и член 53 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 03.08.2022 година, донесе

# ОДЛУКА

## за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје (Надзорен одбор и Одбор за ревизија)

1. Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за работа на членовите во Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје.
2. На членовите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје им се определува годишен фиксен нето надоместок во висина од 6.000 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Надзорниот одбор, и дополнителни 300 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата).
3. На Претседателот на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје му се определува дополнителен годишен фиксен нето надоместок во висина од 6.000 ЕУР (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата).
4. На членовите на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје им се определува годишен фиксен нето надоместок во висина од 3.000 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Одборот за ревизија, и дополнителни 300 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата).
5. На членовите на Надзорен одбор и Одбор за ревизија кои се номинирани од страна на акционерот и истовремено се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје. На сите останати членови им следува надомест како што е утврден со оваа Одлука.
6. На членовите на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Банката не им се исплатува дополнителен надомест за одлучување без одржување на седница преку давање на писмена согласност на одлуките кои што се донесуваат.
7. Пропорционален дел од фиксниот нето годишен надоместок, како и дополнителниот нето надоместок на членовите кои присуствувале на одржана седница, ќе се исплатува на месечна основа.
8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, со што престанува да важи Одлуката со број 22832/1-13 донесена на 28.05.2018 година од страна на Собранието на акционери.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Јелена Саздовска

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

### на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје (Надзорен одбор и Одбор за ревизија)

Надзорниот одбор на Банката е орган кој врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиските активности и го надгледува нивното спроведување. Овој орган е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната Банка.

Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје ги разгледува финансиските извештаи на Банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди, ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола, ја следи работата и ја оценува ефикасноста на внатрешна ревизија, го следи процесот на ревизија на Банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија, ги донесува сметководствените политики на Банката и врши други работи во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и другите општи акти на Банката.

Надзорниот одбор и Одборот за ревизија работат и одлучуваат на седници кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш квартално. Согласно член 53 од Статутот на Банката, на членовите на Надзорниот одбор им припаѓа право на надомест за учество и работа на седниците во висина која е одредена со одлука на Собранието.

На членовите на Надзорен одбор и Одбор за ревизија кои се номинирани од страна на акционерот и истовремено се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје. На сите останати членови им следува надомест како што е утврден со оваа Одлука.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, со што престанува да важи исплатата на надоместокот за членовите на Надзорен одбор и Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје утврдени со Одлуката број 22832/1-13 донесена на 28.05.2018 година од страна на Собранието на акционери.

# О Д Л У К А

**за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционерите на**

**Шпаркасе Банка АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| SPARKASSE Bank | **СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ** | **Бр. 69078/1-7** |
| | | **Датум: 03.08.2022** |
| | | **Стр.** 2/4 |

Врз основа на член 29 Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 03.08.2022 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционери на**

**Шпаркасе Банка АД Скопје**

1. Со оваа Одлука се усвојува Деловникот за работа на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје.
2. Текстот на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје претставува прилог и составен дел од оваа Одлука.
3. Одлуката стапува на сила со денот на донесување со што престанува да важи Одлуката број 24009/1-12 од 30.05.2017 година.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
Собрание на акционери
Претседавач
Јелена Саздовска

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
**кон Одлуката за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Согласно Статутот и Законот за банките Собранието на акционери е орган на управување на Банката. Акционерите на Банката своите права и интереси во Банката ги остваруваат на Собранието на Банката.

Надлежностите на Собранието и неговото работење се генерално регулирани со Статутот на Банката, а подетално со Деловникот за работа на Собранието на акционери.

Деловникот за работа на Собранието на акционери го регулира следното:

- услови и начин на свикување и одржување на Собранието;
- рокови за свикување на Собранието и дополнителни законски или интерни рокови кои зависат од свиканото собрание;
- покана и јавен повик за свикување Собрание;
- содржината на поканата т.е. повикот за учество на Собрание, поконкретно соржината на поканата т.е. повикот кои Банката како Друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување треба да ги примени;
- информациите кои како Друштво со посебни обврски за известување согласно Законот за хартии од вредност Банката е обврзана да ги обелодени на интернет страната;
- начин на утврдување на дневен ред и вклучување нови точки на дневниот ред со поконкретно дефинирање на правата и начинот на вклучување на дополнителни точки или дополнување на постојни точки од дневниот ред;
- начини на известување, доставување и прием на материјали и на други информации;
- начин на доставување на прашања, одлучување по истите и обврска за проследување на одговорте, односно објава на интернет страницата на Банката во формат на прашање и одговор;
- начин на одлучување по прашања кои не се точки на дневен ред на седниците на Собрание;
- пријава на учество и/или искористување на можноста за овластување на полномошници, како и начинот на спроведување на истото по писмен или електронски пат;
- начинот на идентификување и пријава на судир на интерес кај полномошникот;
- начин на евидентирање на учесници и утврдување кворум за работа на Собранието;
- водење на Собранието, продолжување на прекината седница
- начинот на гласање во зависност од одлуката која се донесува, како и утврдување на потребното мнозинство со кое се одлучува на Собранието за донесување на секоја одлука

- услови за остварување на правото на глас или ограничување на правото на глас во определени случаи;
- начин на спроведување на гласање и начин на спроведување на тајно гласање;
- утврдување на резултатите од гласањето;
- водење на записници и други прашања.

Деловникот за работа на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје претставува ревидирана верзија на постоечкиот документ, со имплементирани промени на називот на Банката и усогласување со важечкиот Статут на Банката.

Овој Деловник влегува во сила од денот на неговото усвојување од страна на Собранието на акционери на Банката, со што престанува да важи Деловникот за работа на Собранието на акционери од 30.05.2017 година.